Уп. бр.08-106

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од УНИЈА ХОЛДИНГ Д.О.О. Словенија, со регистрирано седиште на Тржашка улица бр.515, 1351 Брезовица, Љубљана, Република Словенија, преку Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 21.08.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која УНИЈА ХОЛДИНГ Д.О.О. Словенија, со регистрирано седиште на Тржашка улица бр.515, 1351 Брезовица, Љубљана, Република Словенија, стекнува целосна контрола над УНИЈА СМАРТ АКАУНТИНГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 8-ма Ударна Бригада бр.39, Скопје - Центар, преку стекнување на удел, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 24.07.2024 година, а дополнето на 30.07.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на УНИЈА ХОЛДИНГ Д.О.О. Словенија, со регистрирано седиште на Тржашка улица бр.515, 1351 Брезовица, Љубљана, Република Словенија со која УНИЈА ХОЛДИНГ Д.О.О.

Словенија стекнува целосна контрола над УНИЈА СМАРТ АКАУНТИНГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 8-ма Ударна Бригада бр.39, Скопје - Центар.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Претежна дејност на УНИЈА ХОЛДИНГ Д.О.О. е холдинг на компании, односно управување и капитално учество во компании кои обезбедуваат финансиски услуги, како што се сметководство, ИТ решенија и советување, преку висококвалитетни услуги и напредни решенија, како и висок степен на доверба од страна на клиентите и на професионалната јавност.

Друштвото ЕТЛ ИНТЕРНАТИОНАЛ АГ СТЕУЕРБЕРАТУНГСГЕСЕЛЛСЦХАФТ е сопственик на мнозински удел од 60% во УНИЈА ХОЛДИНГ Д.О.О., а исто така е сопственик на друштва од целиот свет кои работат во областа на даночното советување и сметководството и претставува светска интердисциплинарна мрежа на професионалци и меѓународна деловна платформа, која нуди огромни можности и алатки за друштвата и претприемачите, особено во секторот за мали и средни претпријатија (https://www.etl-global.com/).

УНИЈА ХОЛДИНГ Д.О.О. нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку поседување на удел, ниту преку управувачко влијание.

УНИЈА СМАРТ АКАУНТИНГ ДООЕЛ Скопје е друштво со ограничена одговорност чија регистрирана приоритетна дејност е сметководствени, книговодствени и ревизорски работи и даночно советување. УНИЈА СМАРТ АКАУНТИНГ ДООЕЛ Скопје ги продава своите услуги од областа на сметководство, пресметка на плата и советување на надворешни клиенти, односно врши директна продажба базирана на состаноци и претставување на услуги.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од

Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**